Бр. 02-709/27
28.9.2012
Скопје

Во согласност со Конкурсот за запишување студенти на втор циклус студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во учебната 2012/2013 година, објавен во весникот *Дневник* на 30.8.2012 година и на интернет-страницата на Универзитетот, Ректорската управа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, на 165. седница одржана на 28.9.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за продолжување на роковите за реализација на Конкурсот за запишување студенти на втор циклус студии на студиските програми на Универзитетот**
**„Св. Кирил и Методиј" во Скопје во учебната 2012/2013 година**

**Член 1**

Рокот за пријавување на кандидати за запишување на втор циклус студии на факултетите и институтите во рамките на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје се продолжува и ќе трае до **31 октомври 2012 година**.

**Член 2**

За реализација на оваа Одлука и со цел за информирање на кандидатите, ќе се пристапи кон објавување официјално соопштение во средствата за јавно информирање, на факултетите, институтите и на интернет-страницата на Универзитетот.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

**Р е к т о р**

**Проф. д-р Велимир Стојковски**

Изготвил: К. Петреска
Одобрил: И. Пиперкоски